# Службен весник на Република Македонија

**Број 188** **31 декември 2013, вторник** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4642. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања | |
| 4643. | **Закон** за изменување на Законот за преземање на акционерските друштва | |
| 4644. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола | |
| 4645. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи | |
| 4646. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови | |
| 4647. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување | |
| 4648. | **Закон** за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за проектот за развој на вештини и иновации | |
| 4649. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за виното | |
| 4650. | **Закон** за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти - IV фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот | |
| 4651. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи | |
| 4652. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи | |
| 4653. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност | |
| 4654. | **Закон** за изменување и дополнување на закоНот за ревизија | |
| 4655. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за девизно работење | |
| 4656. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот | |
| 4657. | **Закон** за медијација | |
| 4658. | **Измена** на водостопанската основа на Република Македонија од 1968 година за Акумулацијата Бучин | |
| | **Огласен дел** | **1-72** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4642.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИТЕ ПЛАЌАЊА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 декември 2013 година.

Бр. 07- 5179/1
30 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Член 1

Во Законот за регистрирање на готовински плаќања (“Службен весник на Република Македонија” број 31/2001, 42/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006, 88/2008, 133/2009, 171/10, 185/11, 6/12 и 79/13), во членот 3-а ставот 5 се менува и гласи:

“Даночниот обврзник е должен да ја замени крипто картата која е составен дел на крипто модулот еднаш годишно и заменетата крипто карта да ја чува најмалку пет години во објектот.”

Член 2

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

“Член 4-а

Ако даночниот обврзник на купувачот на доброто, односно корисникот на услугата во моментот на предавањето на доброто, односно на извршувањето на услугата не му издаде фискална сметка, купувачот на доброто, односно корисникот на услугата нема обврска да ја плати цената на доброто, односно цената на услугата.“

Член 3

По членот 21-б се додава нов член 21-в, кој гласи:

“Член 21-в

Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - купувач на добро, односно корисник на услуга доколку не побара фискална сметка или фискалната сметка не ја чува до 15 метри од напуштањето на местото на прометот на доброто, односно на услугата (член 6 став 1).“

Член 4

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на Република Македонија” број 79/13), во членот 23 алинеја 1 зборот “јануари“ се заменува со зборот “мај“, а зборот “март“ се заменува со зборот “јули“.

Во алинејата 2 зборот “јануари“ се заменува со зборот “мај“, а датата “30 јуни“ се заменува со датата “31 октомври“.

Член 5

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања (“Службен весник на Република Македонија” број 79/13), во членот 27 зборот “јануари“ се заменува со зборот “мај“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR REGJISTRIMIN E PAGESAVE ME PARA NË DORË

Neni 1

Në Ligjin për regjistrimin e pagesave me para në dorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 31/2001, 42/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006, 88/2008, 133/2009, 171/10, 185/11, 6/12 dhe 79/13), në nenin 3-a paragrafi 5 ndryshohet si vijon:

"Detyrësi tatimor është i detyruar ta zëvendësojë kriptokartelën që është pjesë përbërëse e kriptomodulit njëherë në vit dhe kriptokartelën e zëvendësuar ta ruajë së paku pesë vite në objekt."

Neni 2

Pas nenit 4 shtohet nen i ri 4-a, si vijon:

"Neni 4-a

Nëse detyrësi tatimor blerësit të së mirës, përkatësisht shfrytëzuesit të shërbimit në momentin e dorëzimit të së mirës, përkatësisht të kryerjes së shërbimit nuk i lëshon llogari fiskale, blerësi i së mirës, përkatësisht shfrytëzuesi i shërbimit nuk e ka për obligim ta paguajë çmimin e së mirës, përkatësisht çmimin e shërbimit.”

Neni 3

Pas nenit 21-b shtohet nen i ri 21-v, si vijon:

"Neni 21-v

Gjobë në shumë prej 20 eurosh në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit fizik - blerës i së mirës, përkatësisht shfrytëzues i shërbimit nëse nuk kërkon llogari fiskale ose llogarinë fiskale nuk e ruan deri në 15 metra nga lëshimi i vendit të qarkullimit të së mirës, përkatësisht të shërbimit (neni 6 paragrafi 1)."

Neni 4

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për regjistrimin e pagesave me para në dorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 79/13), në nenin 23 alineja 1 fjala "janar" zëvendësohet me fjalën "maj", ndërsa fjala "mars" zëvendësohet me fjalën "korrik".

Në alinenë 2 fjala "janar" zëvendësohet me fjalën "maj", ndërsa data "30 qershor" zëvendësohen me datën "31" tetor".

Neni 5

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për regjistrimin e pagesave me para në dorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 79/13), në nenin 27 fjala "janar" zëvendësohet me fjalën "maj".

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**4643.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за преземање на акционерските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07- 5142/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 69/13), во членот 5 став (1) точка 3 точката и запирката се заменува со сврзникот „и“.

Точката 4 се брише.

Точката 5 станува точка 4.

Член 2

Во членот 31 став (4) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 3

Во членот 49 став (4) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 4

Во членот 57 став (3) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 5

Во членот 60 став (6) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 6

Започнатите постапки по жалби до денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој закон ќе завршат согласно со Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 69/13), во рок од 30 дена од започнувањето со примената на одредбите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој закон.

Доколку Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рокот од став 1 на овој член не ги реши предметите по жалби, е должна во рок од десет дена да ги достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за решавање и за тоа во рок од пет дена да ги извести подносителите на жалбите.

Предметите по жалби кои до денот на започнувањето со примената на одредбите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој закон не се примени за решавање од Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност, Комисијата во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој закон ќе ги достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за решавање и за тоа во рок од десет дена ќе ги извести подносителите на жалбите.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 2, 3, 4 и 5 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR MARRJE TË SHOQËRIVE AKSIONARE

Neni 1

Në Ligjin për marrje të shoqërive aksionare (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 69/13), në nenin 5 paragrafi (1) pika 3 pikëpresja zëvendësohet me lidhëzën "dhe".

Pika 4 shlyhet.

Pika 5 bëhet pika 4.

Neni 2

Në nenin 31 paragrafi (4) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë".

Neni 3

Në nenin 49 paragrafi (4) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë nga marrëdhënia e punës në shkallë të dytë”.

Neni 4

Në nenin 57 paragrafi (3) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 5

Në nenin 60 paragrafi (6) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 6

Procedurat e filluara për ankesa deri në ditën e fillimit të zbatimit të dispozitave të neneve 2, 3, 4, dhe 5 të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me Ligjin për marrje të shoqërive aksionare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 69/13), në afat prej 30 ditësh nga fillimi i zbatimit të dispozitave të neneve 2, 3, 4 dhe 5 të këtij ligji.

Nëse Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë në afatin nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk i zgjidh lëndët për ankesa, është i detyruar që në afat prej dhjetë ditësh t'i dorëzojë te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë për zgjidhje dhe për këtë në afat prej pesë ditësh t'i njoftojë parashtruesit e ankesave

Lëndët për ankesa të cilat deri në ditën e fillimit me zbatimin e dispozitave të neneve 2, 3, 4, dhe 5 të këtij ligji nuk pranohen nga Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë, Komisioni në afat prej 30 ditësh nga dita e fillimit të zbatimit të dispozitave të neneve 2, 3, 4, dhe 5 të këtij ligji, do t'i dorëzojë te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë për zgjidhje dhe për këtë në afat prej dhjetë ditësh do t'i njoftojë parashtruesit e ankesave.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa dispozitat e neneve 2, 3, 4 dhe 5 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**4644.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07-5146/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Член 1

Во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ( „Службен весник на Република Македонија" број 90/2009), во членот 1 став (1) по зборовите: "и внатрешна ревизија" се става запирка и се додаваат зборовите: „како и условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор".

Член 2

Во членот 18 став (6) зборот „известува" се заменува со зборот „изготвува".

Член 3

Во членот 35 ставот (1) се менува и гласи:

„За раководител на единицата за внатрешна ревизија може да се назначи:

- овластен внатрешен ревизор кој ги исполнува условите од членот 36 став (2) алинеи 1, 2 и 4 од овој закон и
- има најмалку три години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија."

Член 4

Во членот 36 ставот (7) се брише.

Член 5

Во Главата II по Делот 6 се додава нов Дел 6-а нов наслов и 20 нови члена 36-а, 36-б, 36-в, 36-г, 36-д, 36-ѓ, 36-е, 36-ж, 36-з, 36-ѕ, 36-и, 36-ј, 36-к, 36-л, 36-љ, 36-м, 36-н, 36-њ, 36-о и 36-п, кои гласат:

"6-а. Услови и начин на спроведување на обука и полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор

Член 36-а

(1) Обука и испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор (во натамошниот текст: обука и испит) може да посетуваат, односно полагаат лица со завршено четиригодишно високо образование VII/1 со работа од најмалку две години во областа на внатрешната или надворешната ревизија во субјектите од јавниот сектор.

(2) Обука и испит може да посетуваат, односно полагаат и лица со завршено четиригодишно високо образование VII/1 со работа од најмалку три години во областа на внатрешната или надворешната ревизија во трговски друштва и други правни лица и здруженија на граѓани.

(3) Обука и испит може да посетуваат, односно полагаат лица кои завршиле високо образование од областа на економијата или бизнисот кои студирале според Болоњската декларација и имаат 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку една година на внатрешната или надворешната ревизија во субјектите од јавниот сектор.

(4) Обука и испит може да посетуваат, односно полагаат и лица кои завршиле високо образование од областа на економијата или бизнисот кои студирале според Болоњската декларација и имаат 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) со работа од најмалку две години во областа на внатрешната или надворешната ревизија во трговски друштва и други правни лица и здруженија на граѓани.

(5) Времето поминато на практика заради стручно оспособување во единиците за внатрешна и/или надворешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор, трговските друштва и други правни лица и здруженија на граѓани, во согласност со закон, во однос на условите за полагање на испитот се смета како време поминато на работа во тие субјекти.

(6) Кандидатите кои успешно поминале обуката и ги положиле дел од соодветните модули во рамките на испитот за меѓународно признат CIPFA ревизорски сетификат за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор им се признаваат за положени, а во рамките на овој испит ги полагаат неположените модули и по нивното положување им се издава уверение од членот 36-н од овој закон.

Член 36-б

(1) Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за финансии за секоја фискална година донесува програма за спроведување обука и испит за овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор во која се дефинираат основните елементи на програмата меѓу кои особено бројот на кандидати, финансирањето од Буџетот на Република Македонија и финансирањето од кандидатите учесници.

(2) Министерството за финансии врз основа на програмата од ставот (1) на овој член, во два дневни весника од кои еден на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од заедниците, објавува оглас за пријавување на учесници во програмата.

(3) Барањето за обука и полагање испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор кандидатот го поднесува до Министерството за финансии.

(4) Со барањето за обука и испит кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор пропишани со овој закон.

(5) Министерот за финансии со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за обука и испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

(6) Против решението со кое е одбиено барањето за обука и испит може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(7) Кандидатите кои го добиле решението од ставот (5) на овој член со министерот за финансии потпишуваат договор за обука и полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

(8) По потпишувањето на договорот од ставот (7) на овој член кандидатите добиваат идентификационен број, распоред за периодите за одржување на обуките и распоред на датумите за одржување на испитите изготвени врз основа на програмата од членот 36-г став (1) од овој закон.

Член 36-в

Испит може да полагаат лицата кои ќе присуствуваат на најмалку 80% од организираните часови за обуки за секој модул одделно.

Член 36-г

(1) Обуката и испитот се спроведуваат според програма за содржината на модулите и роковите во кои се спроведуваат обуките и испитите.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член ја донесува министерот за финансии.

(3) Врз основа на програмата од ставот (1) на овој член, министерот за финансии одобрува прирачници за секој модул одделно.

Член 36-д

(1) Обуката и испитот се состојат од четири модули, и тоа:

- правен систем, јавни финансии, сметководство во јавниот сектор, јавни набавки, државни и јавни службеници и заштита на информации,
- основи на внатрешната ревизија,
- сметководство и финансиско известување во јавниот сектор и
- управувањето и контролата.

(2) Првите три модули се полагаат писмено со одговарање на определен број прашања, а четвртиот модул се состои од опис на индивидуален случај за управување со ризици и воспоставување на внатрешна контрола во одреден субјект (студија на случај).

(3) За секој модул се организира десетдневна обука која ја спроведуваат овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор - едукатори.

Член 36-ѓ

(1) Едукаторите од членот 36-д став (3) од овој закон изготвуваат база од најмалку 600 прашања и одговори за првите три модули од испитот.

(2) Прашањата од ставот (1) на овој член ги верификува Комисија формирана од министерот за финансии составена од:

- еден универзитетски професор од областа на сметководството и ревизијата,
- двајца раководни државни службеници од Министерството за финансии и
- две лица кои поседуваат сертификат за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базата на прашања од ставот (1) на овој член најмалку еднаш годишно.

(4) При ревизијата Комисијата од ставот (2) на овој член особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои го одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базата од ставот (1) на овој член.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базата на прашања, Комисијата одлучува прашањата да бидат изменети или целосно отстранети од базата од ставот (1) на овој член.

(6) Едукаторите и членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за финансии.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот износ на паричен надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува износот на две просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година, објавен од Државниот завод за статистика.

Член 36-е

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството за финансии, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано на јавен оглас од Министерството за финансии.

Член 36-ж

(1) Министерството за финансии преку електронска пошта го известува кандидатот на кој му е одобрено полагање на испитот за времето и местото за полагање на испитот најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на испитот.

(2) Кандидатот од ставот (1) на овој член е должен најдоцна осум дена пред одржување на испитот, преку електронска пошта да го пријави учеството на испитот.

Член 36-з

(1) Испитот се полага во просторија опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на испитот на веб страницата на Министерството за финансии најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо и се емитува на веб страницата на Министерството за финансии, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за финансии.

(4) Правното лице кое го спроведува испитот треба да исполнува просторни услови и материјално-техничка и информатичка опрема на просториите за полагање на испитот, кои услови поблиску ги пропишува министерот за финансии.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 36-ѕ

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот, претставникот од Министерството за финансии го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на испитот му се дозволува користење само на калкулатор и пенкало.

(3) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарот од членот 36-з став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(5) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Лицата од членот 36-з став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на испитот постапува спротивно од ставовите (2) и (3) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој термин.

(8) Во случаите од ставот (4) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот за тој модул и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

Член 36-и

(1) Испитот се одржува со полагање на првите три модули одделно по спроведената обука за секој модул.

(2) Четвртиот модул се полага со доставување на студија на случај во рок од 15 дена по спроведената обука за овој модул.

(3) Обуката за секој модул е задолжителна. Положувањето на претходен модул не е услов за обука и полагање на нареден модул.

(4) Кандидатот кој нема да го положи испитот во првиот испитен рок има право да го полага во наредните два дополнителни рокови.

(5) Начинот на бодирање на испитот од сите модули поблиску го пропишува министерот за финансии.

Член 36-ј

(1) Првите два модула од испитот содржат по 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични и две не се точни.

(2) Третиот модул од испитот содржи пет задачи од кои првата задача е задолжителна, а од останатите четири кандидатот избира три.

(3) Четвртиот модул е изработка на студија на индивидуален случај за управување со ризици и воспоставување на внатрешна контрола во субјект по избор на кандидатот.

Член 36-к

(1) Полагањето на првите два модула од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на третиот модул од испитот се врши со решавање на задачите од членот 36-ј став (2) од овој закон.

(4) Вреднувањето на решенијата од ставот (3) на овој член се врши согласно со упатство донесено од министерот за финансии.

(5) Полагањето на четвртиот модул од испитот се врши со доставување студија на случај.

(6) Студијата на случај се вреднува со поени согласно со упатство донесено од министерот за финансии.

(7) Базата на прашања и одговори за полагање на првите три модули се чува во единствениот електронски систем за полагање на испитот во Министерството за финансии и е јавно достапна.

(8) Бројот на прашања во базата од ставот (7) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2015 година.

(9) Резултатите од полагањето на првите два модула на испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(10) Резултатите од полагањето на сите модули на испитот по идентификациски броеви се објавуваат на веб страницата на Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на одржувањето на испитот.

Член 36-л

(1) На денот на полагањето на првиот и вториот модул од испитот, претставникот на Министерството за финансии му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 36-к од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за испитот, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 36-к став (7) од овој закон.

(3) Првиот, вториот и третиот модул од испитот, содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставникот на Министерството за финансии дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот и вториот модул од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

(5) Министерството за финансии го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на испитот.

Член 36-љ

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот и вториот модул од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 36-м

(1) Вкупното време определено за одговарање на прашањата од тестовите за полагање на првите два модула изнесува 120 минути за секој од модулите.

(2) Вкупното време определено за одговарање на прашањата и задачите од тестот за полагање на третиот модул изнесува 180 минути.

(3) Се смета дека испитот за првиот, вториот и четвртиот модул го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени поединечно по модул.

(4) Се смета дека испитот за третиот модул го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 50% од вкупниот број предвидени поени.

Член 36-н

(1) На кандидатите кои ги положиле сите четири модули им се издава уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 36-њ

На барање на кандидатот, Министерството за финансии го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот, со овозможување на непосреден увид во тестот.

Член 36-о

(1) Трошоците за полагање на испитот и на поправниот дел од испитот ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за финансии врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот, вториот и третиот модул од испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за финансии.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за финансии, најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитот, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 36-п

(1) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и задачите за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор и спецversion за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за финансии.

(2) Министерот за финансии формира Комисија за ревизија на одржаните испити за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (1) на овој член. Во Комисијата за ревизија, покрај другите членови, задолжително членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(3) Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку една сесија одржана во тековната година.

(4) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата за ревизија, но не порано од денот на примената на овој закон.

(5) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор од страна на поединци во смисла на членот 36-ѕ став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 36-н од овој закон.

(6) Министерството за финансии донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.

(7) Против решението од ставот (6) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.“

Член 6

Главата VIII. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ и членот 51 се бришат.

Член 7

По членот 54 се додава нов член 54-а, кој гласи:

“Член 54-а

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 36-е од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за финансии и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за финансии.

(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 36-е од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 36-ѕ ставови (4) и (5) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 36-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 36-ѕ став (6) од овој закон.“

Член 8

Во членот 55 ставот (3) се менува и гласи:

“За прекршоците пропишани со овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се спроведува постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.“

Член 9

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Одредбата од членот 35 став (1) алинеја 1 од овој закон ќе се применува од 1 јануари 2017 година.

Член 11

Единствениот електронски систем за полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор се воспоставува најдоцна до денот на примената на овој закон.

Член 12

Започнатите постапки за полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор до денот на започнувањето на примена на одредбите за полагање на испит од овој закон, ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членот 5 со кој се додаваат членовите 36-а, 36-б, 36-в, 36-г, 36-д, 36-ѓ, 36-е, 36-ж, 36-з, 36-ѕ, 36-и, 36-ј, 36-к, 36-л, 36-љ, 36-м, 36-н, 36-њ, 36-о и 36-п ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KONTROLL TË BRENDSHËM PUBLIK FINANCIAR

Neni 1

Në Ligjin për kontroll të brendshëm publik financiar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 90/2009), në nenin 1 paragrafi (1) pas fjalëve: “dhe revizion të brendshëm” vihet presje dhe shtohen fjalët: "si dhe kushtet dhe mënyrën e zbatimit të procedurës për dhënien e provimit për revizor të brendshëm të autorizuar në sektorin publik."

Neni 2

Në nenin 18 paragrafi (6) fjala "njofton" zëvendësohet me fjalën "përpilon".

Neni 3

Në nenin 35 paragrafi (1) ndryshon si vijon:

"Udhëheqës i njësisë për revizion të brendshëm mund të emërohet:

- revizor i brendshëm i autorizuar i cili i plotëson kushtet nga neni 36 paragrafi (2) alinetë 1, 2 dhe 4 të këtij ligji dhe
- ka së paku tre vjet përvojë pune në sferën e revizionit të brendshëm apo të jashtëm."

Neni 4

Në nenin 36 paragrafi (7) shlyhet.

Neni 5

Në Kreun II pas Pjesës 6 shtohet Pjesë e re 6-a titull i ri dhe 20 nene të reja 36-a, 36-b, 36-v, 36-g, 36-d, 36-gj, 36-e, 36-zh, 36-z, 36-x, 36-i, 36-j, 36-k, 36-ll, 36-l, 36-m, 36-n, 36-nj, 36-o dhe 36-p, si vijojnë:

”6-a. Kushtet dhe mënyra e zbatimit të trajnimit dhe dhënia e provimit për revizor të brendshëm të autorizuar në sektorin publik

Neni 36-a

(1) Trajnim dhe provim për revizorin e brendshëm në sektorin publik ( në tekstin në vijim: trajnim dhe provim) mund të ndjekin, përkatësisht të japin persona me arsim të lartë katërvjeçar të kryer VII/1 me punë prej së paku dy vjet në sferën e revizionit të brendshëm ose të jashtëm në subjektet e sektorit publik.

(2) Trajnim dhe provim mund të ndjekin, përkatësisht të japin persona me arsim të lartë katërvjeçar të kryer VII/1 me punë prej së paku tre vjet në sferën e revizionit të brendshëm ose të jashtëm në shoqëri tregtare dhe persona tjerë juridikë dhe shoqata civile.

(3) Trajnim dhe provim mund të ndjekin, përkatësisht të japin persona që kanë kryer arsim të lartë nga sfera e ekonomisë ose biznesit që kanë studiuar sipas Deklaratës së Bolonjës dhe kanë 240 kredi sipas sistemit evropian për transfer të kredive (SETK) me punë prej së paku një vit në revizionin e brendshëm ose të jashtëm në subjektet e sektorit publik.

(4) Trajnim dhe provim mund të ndjekin, përkatësisht të japin persona që kanë kryer arsim të lartë nga sfera e ekonomisë ose biznesit që kanë studiuar sipas Deklaratës së Bolonjës dhe kanë 240 kredi sipas sistemit evropian për transfer të kredive (SETK) me punë prej së paku dy vjet në sferën e revizionit të brendshëm ose të jashtëm në shoqëri tregtare dhe persona tjerë juridikë dhe shoqata civile.

(5) Koha e kaluar në praktikë për aftësim profesional në njësitë e revizionit të brendshëm dhe /ose të jashtëm te subjektet e sektorit publik, shoqëritë tregtare dhe peronat tjerë juridikë dhe shoqata civile, në pajtim me ligjin, në lidhje me kushtet për dhënien e provimit konsiderohet kohë e kaluar në punë në ato subjekte.

(6) Kandidatët të cilët me sukses e kanë kaluar trajnimin dhe i kanë dhënë një pjesë të moduleve përkatëse në suaza të provimit për CIPFA certifikatë të revizorit të pranuar ndërkombëtarisht për revizor të autorizuar të brendshëm në sektorin publik, u pranohen si të kaluara, ndërsa në suaza të këtij provimi i japin modulet e pakaluara dhe pas dhënies së tyre u lëshohet certifikata nga neni 36-n të këtij ligji.

Neni 36-b

(1) Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të Ministrisë së Financave për çdo vit fiskal miraton program për realizimin e trajnimit dhe provimit për revizorë të brendshëm të autorizuar në sektorin publik në të cilin përkufizohen elementet themelore të programit ndër të cilat në veçanti numri i kandidatëve, financimi nga buxheti i Republikës së Maqedonisë dhe financimi nga kandidatët pjesëmarrës.

(2) Ministria e Financave në bazë të programit nga paragrafi (1) të këtij neni, në dy gazeta ditore prej të cilave njërën në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% e bashkësive, shpall konkurs për paraqitjen e pjesëmarrësve në program.

(3) Kërkesën për trajnim dhe dhënien e provimit për revizor të autorizuar të brendshëm në sektorin publik, kandidati e paraqet te Ministria e Financave.

(4) Me kërkesën për trajnim dhe provim kandidati është i obliguar të paraqesë dëshmi për plotësimin e kushteve për dhënien e provimit për revizor të autorizuar të brendshëm, të përcaktuara me këtë ligj.

(5) Ministri i Financave me aktvendim përcakton nëse kandidati i plotëson kushtet për trajnim dhe provim për revizor të brendshëm të autorizuar në sektorin publik.

(6) Kundër aktvendimit me të cilin është refuzuar kërkesa për trajnim dhe provim, mund të ngrihet kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditëve nga pranimi i aktvendimit.

(7) Kandidatët të cilët e kanë marrë aktvendimin nga paragrafi (5) të këtij neni, me ministrin e Financave nënshkruajnë marrëveshje për trajnim dhe dhënie të provimit për revizor të autorizuar të brendshëm në sektorin publik.

(8) Pas nënshkrimit të marrëveshjes nga paragrafi (7) të këtij neni kandidatët marrin numër për identifikim, orar për periudhat e mbajtjes së trajnimeve dhe orar të datave për mbajtjen e provimeve të përpiluara në bazë të programit nga neni 36-g paragrafi (1) të këtij ligji.

Neni 36-v

Provimin mund ta japin personat të cilët do të jenë prezentë në së paku 80% të orëve të organizuara për trajnim për secilin modul në veçanti.

Neni 36-g

(1) Trajnimi dhe provimi realizohen sipas programit për përmbajtjen e moduleve dhe afateve në të cilat realizohen trajnimet dhe provimet.

(2) Programin nga paragrafi (1) të këtij neni e miraton ministri i Financave.

(3) Në bazë të programit nga paragrafi (1) të këtij neni, ministri i Financave miraton doracakë për secilin modul në veçanti.

Neni 36-d

(1) Trajnimi dhe provimi përbëhen nga katër module si vijon:

- sistem juridik, financa publike, kontabilitet në sektorin publik, furnizime publike, nëpunës shtetërorë dhe publikë dhe mbrojtje e informatave,
- baza të revizionit të brendshëm,
- kontabilitet dhe njoftim financiar në sektorin publik dhe
- menaxhim dhe kontroll.

(2) Tre modulet e para jepen me shkrim me përgjigjen e numrit të caktuar të pyetjeve, ndërsa moduli i katërt përbëhet nga përshkrimi i rastit individual për menaxhim me rreziqe dhe vendosje të kontrollit të brendshëm në subjekt të caktuar (studim i rastit).

(3) Për secilin modul organizohet trajnim dhjetëditor të cilin e realizojnë revizorë të autorizuar të brendshëm në sektorin publik - edukatorë.

Neni 36-gj

(1) Edukatorët nga neni 36-d paragrafi (3) të këtij ligji përpilojnë bazë prej së paku 600 pyetje dhe përgjigje për tre modulet e para nga provimi.

(2) Pyetjet nga paragrafi (1) të këtij neni i verifikon Komisioni i formuar nga ministri i Financave i përbërë nga:

- një profesor universitar nga sfera e kontabilitetit dhe revizionit,
- dy nëpunës shtetërorë udhëheqës nga Ministria e Financave dhe
- dy persona që posedojnë certifikatë për revizor të brendshëm të autorizuar në sektorin publik.

(3) Komisioni nga paragrafi (2) të këtij neni bën edhe revizion dhe azhurnim të bazave të pyetjeve nga paragrafi (1) të këtij neni së paku një herë në vit.

(4) Gjatë revizionit Komisioni nga paragrafi (2) të këtij neni në veçanti i ka parasysh ndryshimet e rregullave mbi të cilat bazohet pyetja, numrin e kandidatëve të cilët kanë dhënë përgjigje, suksesin në lidhje me përgjigjet për të njëjtat si dhe kriteret tjera të cilat mund të ndikojnë në përmirësimin e cilësisë së bazës nga paragrafi (1) të këtij neni.

(5) Në bazë të revizionit të kryer dhe azhurnimit të bazës të pyetjeve, Komisioni vendos që pyetjet të ndryshohen ose tërësisht të mënjanohen nga baza e paragrafit (1) të këtij neni.

(6) Edukatorët dhe anëtarët e Komisionit për verifikim nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni kanë të drejtë për kompensim me para të cilin e përcakton ministri i Financave.

(7) Shuma e kompensimit me para nga paragrafi (6) të këtij neni përcaktohet në bazë të numrit të pyetjeve të përpiluara, si dhe ndërlikueshmërisë së materies.

(8) Shuma vjetore e kompensimit me para nga paragrafi (6) i këtij neni nuk tejkalon nivelin e dy rrogave mesatare të paguara në Republikën e Maqedonisë për vitin paraprak e publikuar nga Enti Shtetëror i Statistikës.

Neni 36-e

Punët profesionale dhe administrative për nevojat e realizimit të provimit i kryen Ministria e Financave, ndërsa provimin teknikisht e realizon person juridik i regjistruar në Regjistrin qendror i zgjedhur me konkurs publik nga Ministria e Financave.

Neni 36-zh

(1) Ministria e Financave nëpërmjet postës elektronike e njofton kandidatin të cilit i është aprovuar dhënia e provimit për kohën dhe vendin e dhënies së provimit më së voni në afat prej tetë ditëve para dhënies së provimit.

(2) Kandidati nga paragrafi (1) të këtij neni është i detyruar më së voni tetë ditë para mbajtjes së provimit, përmes postës elektronike ta paraqesë pjesëmarrjen në provim.

Neni 36-z

(1) Provimi jepet në hapësirë të pajisur për dhënien e provimit profesional me pajisje materiale-teknike dhe informatike, lidhje interneti dhe pajisje për incizim e dhënies së provimit.

(2) Publiku informohet për datën dhe kohën e dhënies së provimit në ueb faqen e Ministrisë së Financave së paku tre ditë para mbajtjes së provimit.

(3) Dhënia e provimit incizohet dhe drejtpërdrejt transmetohet në ueb faqen e Ministrisë së Financave, e nëse për shkaqe teknike incizimi ndërpritet, incizimi nga provimi i plotë vendoset në ueb faqen e Ministrisë së Financave.

(4) Personi juridik që e zbaton provimin duhet t'i plotësojë kushtet hapësinore dhe pajisjet materiale-teknike dhe informatike në hapësirat për dhënien e provimit, kushte të cilat më afër i përcakton ministri i Financave.

(5) Në hapësirën për dhënien e provimit gjatë kohës së dhënies së provimit janë të pranishëm dy përfaqësues të autorizuar nga Ministria e Financave, një përfaqësues nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të Zyrës së Kryetarit të Republikës së Maqedonisë dhe një informaticient i propozuar nga Ministria për shoqëri informatike dhe administratë.

Neni 36-x

(1) Para fillimit të dhënies së provimit , përfaqësuesi nga Ministria e Financave e përcakton identitetin e kandidatit me shikim të letërnjoftimit.

(2) Kandidatit gjatë dhënies së provimit i lejohet shfrytëzimi vetëm i kalkulatorit dhe stilolapsit.

(3) Kandidatit gjatë dhënies së provimit nuk i lejohet të kontaktojë me kandidatë ose persona tjerë, përveç me informaticientin nga neni 36-z paragrafi (5) të këtij ligji, në rast se ka problem teknik me kompjuterin.

(4) Nëse problemet teknike me kompjuterin mënjanohen për pesë minuta provimi vazhdon, e nëse nul mënjanohen në këtë afat, provimi vetëm për atë kandidat ndërpritet dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditë nga dita e ndërprerjes së provimit.

(5) Nëse ka probleme me më shumë se pesë kompjuter dhe ata nuk mënjanohen në afat prej pesë minutave provimi ndërpritet për të gjithë kandidatët që e japin provimin dhe do të mbahet në afat prej më së shumti tri ditë nga dita e ndërprerjes së provimit.

(6) Personat nga neni 36-z paragrafi (5) të këtij ligji, gjatë dhënies së provimit nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë sekonda afër kandidatit që e jep provimin për revizor të bredshëm të autorizuar në sektorin publik, përveç në rast të mënjanimit të problemit teknik kur nuk guxojnë të qëndrojnë më gjatë se pesë minuta.

(7) Nëse kandidati gjatë dhënies së provimit vepron në kundërshtim me paragrafët (2) dhe (3) të këtij neni, nuk do t'i lejohet dhënie e mëtejshme e provimit në atë termin.

(8) Në rastet nga paragrafi (4) të këtij neni, konsidorehet se kandidati nuk e ka dhënë provimin për atë modul dhe e njëjta konstatohet në procesverbalin për dhënien e provimit.

Neni 36-i

(1) Provimi mbahet me dhënien e tre moduleve të para veças pas zbatimit të trajnimit për çdo modul.

(2) Moduli i katërt jepet me dorëzimin e studimit të rastit në afat prej 15 ditëve pas trajnimit të zbatuar për këtë modul.

(3) Trajnimi për çdo modul është i detyrueshëm. Dhënia e modulit paraprak nuk është kusht për trajnim dhe dhënie të modulit të ardhshëm.

(4) Kandidati që nuk do ta japë provimin në afatin e parë të provimeve ka të drejtë që ta japë në dy afatet e ardhshme plotësuese.

(5) Mënyrën e ndarjes së pikave në provim nga të gjitha modulet më afër i përcakton ministri i Financave.

Neni 36-j

(1) Dy modulet e para nga provimi përmbajnë 50 pyetje me pesë opcione për rrethim nga të cilat njëra është e saktë, dy janë të ngjashme dhe dy janë të pasakta.

(2) Moduli i tretë nga provimi përmbanë pesë detyra nga të cilat detyra e parë është e detyrueshme, ndërsa nga katër të tjerat kandidati i zgjedh tri.

(3) Moduli i katërt është përpilimi i studimit të rastit individual për menaxhim me rreziqe dhe vendosje të kontrollit të brendshëm në subjekt sipas zgjedhjes së kandidatit.

Neni 36-k

(1) Dhënia e dy moduleve të para nga provimi kryhet me përgjigje të numrit të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(2) Pyetjet e testit në varësi nga pesha, vlerësohen me pikë të përcaktuara në test.

(3) Dhënia e modulit të tretë nga provimi kryhet me zgjidhje të detyrave nga neni 36-j paragrafi (2) të këtij ligji.

(4) Vlerësimi i zgjidhjeve nga paragrafi (3) të këtij neni, kryhet në pajtim me udhëzimin e miratuar nga ministri i Financave.

(5) Dhënia e modulit të katërt nga provimi kryhet me dorëzimin e studimit të rastit.

(6) Studimi i rastit vlerësohet me pikë në pajtim me udhëzimin e miratuar nga ministri i Financave.

(7) Baza e pyetjeve dhe përgjigjeve për dhënien e tre moduleve të para ruhet në sistemin unik elektronik për dhënien e provimit në Ministrinë e Financave dhe është publikisht e kapshme.

(8) Numri i pyetjeve në bazën nga paragrafi (7) të këtij neni, zmadhohen për 10% në vit duke filluar nga viti 2015.

(9) Rezultatet nga dhënia e dy moduleve të para të provim janë në dispozicion të kandidatit në kompjuterin në të cilin e ka dhënë provimin, menjëherë pas mbarimit të tij.

(10) Rezultatet nga dhënia e të gjitha moduleve të provimit sipas numrave për indetifikikim publikohen në ueb faqen e Ministrisë së Financave në afat prej 30 ditëve nga dita e mbajtjes së provimit.

Neni 36-ll

(1) Kohëzgjatja e përgjithshme e kohës së caktuar për përgjigje të pyetjeve dhe/ose zgjidhje të detyrave nga shembulli praktik të pjesës së dytë të provimit për kontabilist ose kontabilist të autorizuar, është 120 minuta.

(2) Konsiderohet se provimin e ka dhënë ai kandidat i cili ka arritur së paku 70% nga numri i përgjithshëm i pikëve pozitive të parapara.

Neni 15-p

(1) Testet, pyetjet dhe detyrat shfrytëzohet dhe i jepen kandidatit vetëm gjatë kohës së dhënies së provimit për kontabilist ose kontabilist të autorizuar.

(2) Materialet nga provimet e mbajtura, në veçanti versionet në letër nga testet dhe detyrat për dhënien e provimit profesional dhe specimenet për kontroll të saktësisë së përgjigjeve të testeve dhe detyrave, si dhe incizimet nga provimi i mbajtur për kontabilist ose kontabilist të autorizuar ruhen në Institut.

(3) Instituti formon Komision për revizion të provimeve të mbajtura për kontabilist ose kontabilist të autorizuar, që në punën e vet i shfrytëzon materialet nga paragrafi (2) i këtij neni. Në Komisionin për revizion, krahas anëtarëve tjerë, detyrimisht marrin pjesë edhe dy persona të caktuar nga Ministria e Financave.

(4) Komisioni për revizion mban mbledhje së paku njëherë në vit dhe kryen revizion të mënyrës së realizimit të së paku një sesioni të mbajtur në vitin rrjedhës.

(5) Komisioni për revizion ka të drejtë të kryejë revizion edhe të mënyrës së zbatimit të provimeve për kontabilist ose kontabilist të autorizuar të mbajtura në pesë vitet e fundit deri në ditën e mbajtjes së mbledhjes së komisionit, por jo më herët nga dita e zbatimit të këtij ligji.

(6) Nëse Komisioni për revizion konstaton parregullsi në zbatimin e provimit për kontabilist ose kontabilist të autorizuar nga ana e individëve në kuptim të nenit 15-x paragrafi (5) të këtij ligji, propozon heqjen e Certifikatës nga neni 15 paragrafi (7) i këtij ligji.

(7) Kryetari i Institutit miraton aktvendim për heqjen e certifikatës në bazë të propozimit të Komisionit për revizion në afat prej tri ditëve nga pranimi i propozimit.

(8) Kundër aktvendimit nga paragrafi (7) i këtij neni mund të ngrihet kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditëve nga pranimi i aktvendimit.

Neni 15-r

(1) Për trajnimin dhe për dhënien e provimit profesional, kandidati paguan kompensim.

(2) Lartësinë e kompensimit nga paragrafi (1) i këtij neni, e përcakton Instituti në bazë të shpenzimeve të bëra reale për trajnim dhe dhënie të provimit, të domosdoshme për zbatimin e pjesës së parë dhe të dytë të provimit, përgatitjen e bazave të pyetjeve, zbatimin e testit elektronik, përgatitjen e materialeve dhe ftesave dhe përgatitjen e certifikatave.

(3) Kompensimi nga paragrafi (1) i këtij neni paguhen në llogari të Institutit.

(4) Nëse kompensimi nuk paguhet në llogarinë nga paragrafi (3) i këtij neni më së voni 15 ditë para ditës së caktuar për fillimin e trajnimit dhe provimi, kandidatit nuk do t'i lejohet dhënia e provimit.

(5) Nëse kandidati në afat prej një viti nga dita e pagimit të kompensimit nuk e jep provimin, mjetet e paguara i kthehen në pajtim me ligjin."

Neni 3

Pas nenit 46 shtohen dy nene të reja 46-a dhe 46-b, si vijojnë:

"Neni 46-a

(1) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik të autorizuar që teknikisht e zbaton provimin nëse nuk e incizon, nuk e emiton drejtpërdrejt në faqen e internetit të Institutit dhe nëse nuk e vendos incizimin nga i tërë provimi në ueb faqen e Institutit në pajtim me nenin 15-z paragrafi (3) të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 4 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet personit juridik të autorizuar që teknikisht e zbaton provimin, nëse nuk e ndërpret provimin në pajtim me nenin 15-x paragrafët (5) dhe (6) këtij ligji.

(3) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet përfaqësuesit të autorizuar nga neni 15-z paragrafi (5) i këtij ligji, nëse vepron në kundërshtim me nenin 15-x paragrafi (9) të këtij ligji.

Neni 46-b

Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 1 500 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet kryetarit të Institutit nëse nuk e miraton aktvendimin në afatin e përcaktuar në nenin 15-p paragrafi (7) të këtij ligji."

Neni 4

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 5

Procedurat e filluara për dhënien e provimit për kontabilist dhe kontabilist të autorizuar deri në ditën e fillimit të zbatimit të dispozitave për dhënien e provimeve në pajtim me këtë ligj, do të përfundojnë sipas dispozitave të rregullave sipas të cilave kanë filluar.

Neni 6

Sistemi unik elektronik për dhënien e provimit vendoset në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse nenet 1, 2 dhe 3 do të fillojnë të zbatohen një vit nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**4646.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07-5141/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2009, 67/10 и 24/11), во членот 10 став (3) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 2

Во членот 12 став (3) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 3

Во членот 15 став (3) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 4

Во членот 16 став (8) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 5

Во членот 17 став (6) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 6

Во членот 39 став (7) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 7

Во членот 131 став (4) зборовите: “Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност” се заменуваат со зборовите: “Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен”.

Член 8

Започнатите постапки по жалби до денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 од овој закон ќе завршат согласно со Законот за инвестициски фондови ("Службен весник на Република Македонија" број 12/2009, 67/10 и 24/11) во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 од овој закон.

Доколку Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рокот од ставот 1 на овој член не ги реши предметите по жалби е должна во рок од десет дена да ги достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за решавање и за тоа во рок од пет дена да ги извести подносителите на жалбите.

Предметите по жалби кои до денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 од овој закон не се примени за решавање од Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност, Комисијата во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 од овој закон ќе ги достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за решавање и за тоа во рок од десет дена ќе ги извести подносителите на жалбите.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR FONDE INVESTUESE

Neni 1

Në Ligjin për fonde investuese (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 12/2009, 67/10 dhe 24/11), në nenin 10 paragrafi (3) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë" zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë".

Neni 2

Në nenin 12 paragrafi (3) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të lertave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 3

Në nenin 15 paragrafi (3) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 4

Në nenin 16 paragrafi (8) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 5

Në nenin 17 paragrafi (6) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 6

Në nenin 39 paragrafi (7) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë" zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 7

Në nenin 131 paragrafi (4) fjalët: “Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë”.

Neni 8

Procedurat e filluara për ankesa deri në ditën e fillimit të zbatimit të dispozitave të neneve 1, 2, 3, 4, 5, 6 dhe 7 të këtij ligji do të përfundojnë sipas Ligjit për fonde investuese (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 12/2009, 67/10 dhe 24/11) në afat prej 30 ditësh nga dita e fillimit të zbatimit të dispozitave të neneve 1, 2, 3, 4, 5, 6 dhe 7 të këtij ligji.

Nëse Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë në afatin nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk i zgjidh lëndët për ankesa, është i detyruar që në afat prej dhjetë ditësh t’i dorëzojë te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë për zgjidhje dhe për këtë në afat prej pesë ditësh t’i njoftojë parashtruesit e ankesave.

Lëndët e ankesave të cilat deri në ditën e fillimit të zbatimit të dispozitave të neneve 1, 2, 3, 4, 5, 6 dhe 7 të këtij ligji nuk janë pranuar për zgjidhje nga Komisioni për zgjidhje të ankesave nga sfera e tregut të letrave me vlerë, Komisioni në afat prej 30 ditësh nga dita e fillimit të zbatimit të dispozitave të neneve 1, 2, 3, 4, 5, 6 dhe 7 të këtij ligji do t’i dorëzojë te Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallë të Dytë për zgjidhje dhe për këtë në afat prej dhjetë ditësh do t’i njoftojë parashtruesit e ankesave.

Neni 9

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”, ndërsa nenet 1, 2, 3, 4, 5, 6 dhe 7 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**4647.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07-5145/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10 и 44/11), во членот 112 став (1) точката 1 се менува и гласи:

„1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС);“.

Ставот (3) се брише.

Член 2

Во членот 138 став (1) се додава нова точка 1, која гласи:

„1) да има завршено четиригодишно средно образование;“.

Точките 1, 2, 3 и 4 стануваат точки 2, 3, 4 и 5.

Член 3

Насловот пред членот 154 и членот 154 се менуваат и гласат:

„Спроведување на стручен испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар

Член 154

Стручен испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар (во натамошниот текст: стручен испит за актуар) можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од членот 112 од овој закон.“

Член 4

По членот 154-б се додаваат 29 нови члена 154-в, 154-г, 154-д, 154-ѓ, 154-е, 154-ж, 154-з, 154-ѕ, 154-и, 154-ј, 154-к, 154-л, 154-љ, 154-м, 154-н, 154-њ, 154-о, 154-п, 154-р, 154-с, 154-т, 154-ќ, 154-у, 154-ф, 154-х и 154-ц, 154-ч, 154-џ 154-ш, кои гласат:

„Член 154-в

(1) Стручниот испит за актуар се состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за актуар се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од стручниот испит за актуар се полага по предметите:

1) веројатност и статистика;
2) финансиска математика;
3) стохастичко моделирање;
4) економија;
5) модели на доживување;
6) актуарска математика 1;
7) актуарска математика 2;
8) управување со инвестиции и средства;
9) осигурување на живот;
10) не животно осигурување;
11) социјално и пензиско осигурување;
12) здравствено осигурување;
13) сметководство во осигурувањето;
14) регулатива од областа на осигурувањето и
15) професионализам и етика.

(4) Вториот дел од стручниот испит за актуар се состои од:

1) практичен пример и/или

2) прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример и/или

3) задачи кои треба кандидатот да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за актуар согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит за актуар се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

Член 154-г

(1) Стручниот испит за актуар се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на стручниот испит за актуар по предметите од членот 154-в од овој закон ја донесува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-д

(1) Обуката за предметите од наставната програма ја спроведуваат едукатори ангажирани од Агенцијата за супервизија на осигурување. Едукатор може да биде лице кое има универзитетско образование и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(2) Базата на прашања и/или задачи за стручниот испит за актуар ја подготвуваат едукаторите од ставот (1) на овој член.

(3) Прашањата за стручниот испит за актуар ги верификува Комисија за спроведување на стручниот испит за актуар (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Начинот на формирање и работењето на Комисијата од ставот (3) на овој член поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базата на прашања од членот 154-о став (6) од овој закон најмалку еднаш годишно.

(6) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базата на прашања.

(7) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базата на прашања, Комисијата одлучува прашањата да бидат изменети или целосно отстранети од базата на прашања.

(8) Едукаторите и членовите на Комисијата од ставовите (1) и (3) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(9) Износот на паричниот надоместок од ставот (8) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.

(10) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (8) на овој член не го надминува износот на три просечни плати исплатени во Република Македонија во претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

Член 154-ѓ

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит за актуар ги врши Агенцијата за супервизија на осигурување, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Комисијата.

Член 154-е

(1) Обуката и стручниот испит за актуар се спроведува врз основа на констатирана потреба од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, но најмалку еднаш годишно.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување со оглас во дневен печат и на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката, односно стручниот испит за актуар.

(3) Доколку не се пријават најмалку пет кандидати Агенцијата за супервизија на осигурување може да не ја спроведе обуката, односно испитот.

Член 154-ж

Постапката за спроведување на испитите по предметите од членот 154-в став (3) од овој закон поблиску ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-з

Стручниот испит за актуар се полага по завршување на обуката за секој предмет одделно.

Член 154-ѕ

(1) Барањето за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот го поднесува до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Со барањето за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит за актуар, пропишани со овој закон.

Член 154-и

(1) Агенцијата за супервизија на осигурување со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручниот испит за актуар.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на стручниот испит за актуар, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 154-ј

(1) Кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на стручниот испит за актуар, преку електронска пошта се известува за времето и местото за полагање на стручниот испит за актуар најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на стручниот испит за актуар.

(2) На кандидатот мора да му се овозможи да го полага стручниот испит за актуар во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на стручниот испит за актуар.

(3) Кандидатот е должен во рок од пет дена од добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член, преку електронска пошта да го пријави учеството на стручниот испит за актуар.

Член 154-к

(1) Стручниот испит за актуар се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручниот испит за актуар со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Датумот и времето на полагањето на стручниот испит за актуар се објавува на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на стручниот испит за актуар се снима и во живо се емитува на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Правното лице кое го спроведува стручниот испит за актуар треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот кои услови поблиску ги пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит за актуар, за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Агенцијата за супервизија на осигурување, членовите на Комисијата од членот 154-д став (3) од овој закон, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 154-л

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит за актуар, овластениот претставник од Агенцијата за супервизија на осигурување го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта или патна исправа.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од стручниот испит за актуар не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од стручниот испит за актуар, му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кој во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот, калкулатор и пенкало.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит за актуар не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 154-к став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(9) Лицата од членот 154-к став (5) од овој закон за време на полагањето на стручниот испит за актуар не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага стручниот испит за актуар, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржуваат подолго од пет минути.

Член 154-љ

(1) Ако во текот на обуката и полагањето на стручниот испит за актуар настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да присуствува, односно полага (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), обуката и стручниот испит за актуар се одлагаат за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на стручниот испит за актуар донесува Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на стручниот испит за актуар, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на стручниот испит за актуар во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит за актуар не го положил.

(4) Против решението на Агенцијата за супервизија на осигурување од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во случајот од ставот (2) на овој член кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

Член 154-м

(1) Стручниот испит за актуар започнува со полагање на првиот дел.

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-н

(1) Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членот 154-в став (3) од овој закон со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични и две не се точни.

(2) Кандидатот кој не го положил успешно испитот од некој предмет може само еднаш да го повтори полагањето на испитот по истиот предмет.

(3) Кандидатот кој два пати едноподруго не го положил испитот од еден предмет го губи правото да ги полага преостанатите испити, но успешно положените испити му се признаваат при следно спроведување на стручниот испит за актуар.

(4) Бројот на прашањата од првиот дел од стручниот испит за актуар го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-њ

(1) Бројот на прашањата и/или задачите и начинот на полагање на вториот дел од стручниот испит за актуар поблиску го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

(2) Кандидатот мора вториот дел да го положи во две последователни сесии по завршувањето на теоретскиот дел.

(3) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од стручниот испит за актуар согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит за актуар не го положил.

Член 154-о

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит за актуарот се врши со одговарање на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Полагањето на вториот дел од стручниот испит за актуар се врши со проучување на практичен пример од областа на предметот и одговарање на прашања и/или решавање на задачи кои кандидатот треба да ги одговори, односно реши врз основа на практичниот пример во вид на електронско софтверско решение. Задачите кои се составен дел на вториот дел од стручниот испит за актуар се решаваат писмено на хартија.

(3) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит за актуар и нивните одговори, практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример и нивните одговори, како и задачите и нивните решенија, доколку се во електронска форма, се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за актуар.

(4) Електронскиот систем од ставот (3) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања од областа на предметите од членот 154-в став (3) од овој закон за потребите на првиот дел од испитот од кои 50% прашања се од стручната литература, како и јавно достапна база од најмалку 50 практични примери, прашања и задачи за потребите на вториот дел од стручниот испит за актуар.

(5) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од Стручниот испит за актуар и прописите за вториот дел од стручниот испит за актуар.

(6) Резултатите од полагањето на првиот дел од стручниот испит за актуар му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

(7) Резултатите од полагањето на вториот дел од стручниот испит за актуар му се достапни на кандидатот најдоцна во рок од пет дена од денот на полагањето.

(8) Кандидатот кој не го положил вториот дел од стручниот испит за актуар, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодирани, во рок од три дена може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка до Агенцијата за супервизија на осигурување.

(9) Доставените писмени забелешки ги разгледува Комисијата од членот 154-д став (3) од овој закон најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на забелешките и може да направи корекција на бројот на освоени бодови доколку утврди дека е настаната грешка при бодирањето.

(10) По истекот на рокот за разгледување на забелешките Агенцијата за супервизија на осигурување на својата веб страница објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.

(11) Агенцијата за супервизија на осигурување го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за актуар.

Член 154-п

(1) На денот на полагањето на стручниот испит за актуар претставникот на Агенцијата за супервизија на осигурување му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 154-о од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за Стручниот испит за актуар, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 154-о став (3) од овој закон, од базите од членот 154-о став (4) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од стручниот испит за актуар содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставникот на Агенцијата за супервизија на осигурување дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит за актуар не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно практичниот пример и прашања и/или задачи за вториот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Член 154-р

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од стручниот испит за актуар поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 154-о од овој закон полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 154-с

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 154-о став (2) од овој закон.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 154-т

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата и/или решавање на задачите од практичниот пример од вториот дел од испитот изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 154-в став (3) од овој закон.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 154-ќ

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за актуар им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на стручниот испит за актуар.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-у

На барање на кандидатот Агенцијата за супервизија на осигурување го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит за актуар со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 154-ф

(1) Тестовите, прашањата и задачите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит за актуар.

(2) Материјалите од одржаните стручни испити, особено хартиените верзии од тестовите и задачите за полагање на стручниот испит за актуар и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) Советот на експерти формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член. Во Комисијата за ревизија, покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица определени од Министерството за финансии.

(4) Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку една сесија одржана во тековната година.

(5) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на стручните испити одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата за ревизија, но не порано од денот на примената на овој закон.

(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испит за актуар од страна на поединци во смисла на членот 154-л став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 154-ќ од овој закон.

(7) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 154-х

(1) За обуката и за полагање на стручниот испит за актуар кандидатот плаќа надоместок.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува Агенцијата за супервизија на осигурување врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за актуар неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на стручниот испит за актуар, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член се уплатува на сметката на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(4) Ако надоместокот не се уплати на соодветна сметка на Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитот, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на стручниот испит за актуар.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на надоместокот не го полага стручниот испит за актуар уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 154-ц

(1) Стручниот испит за вршење на осигурително брокерски работи (во натамошниот текст: стручен испит за брокер) се состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за брокер се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од стручниот испит за брокер се полага по предметите:

1) основи на управување со ризик и осигурување;

2) законска регулатива од областа на осигурувањето;

3) трговско и облигационо право;

4) посредување во осигурување и етички кодекс;

5) осигурување на живот;

6) не животно осигурување;

7) финансиски аспекти на работењето;

8) снимање на ризик и посредување при реализирање на штети и

9) реосигурување.

(4) Вториот дел од стручниот испит за брокер се состои од:

1) практичен пример;

2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на практичниот пример и/или

3) задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на практичниот пример.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за брокер согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит за брокер се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

Член 154-ч

(1) Стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето (во натамошниот текст: стручен испит за застапник) се состои од два дела, и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за застапник се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од стручниот испит за застапник се полага по предметите:

1) основи на управување со ризик и осигурување;

2) законска регулатива од областа на осигурувањето;

3) трговско и облигационо право;

4) застапување во осигурување и етички кодекс;

5) осигурување на живот и

6) не животно осигурување.

(4) Вториот дел од стручниот испит за застапник се состои од:

1) практичен пример;

2) прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на практичниот пример и/или

3) задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на практичниот пример.

(5) Агенцијата за супервизија на осигурување ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за застапник согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Агенцијата за супервизија на осигурување пропишува на кои предмети од првиот дел од стручниот испит за застапник се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

Член 154-џ

(1) Првиот дел од испитот се полага по секој од предметите наведени во членовите 154-ц став (3) и 154-ч став (3) од овој закон со пет опции за заокружување од кои едната е точна, две се слични и две не се точни.

(2) Кандидатот кој не го положил испитот од стручниот испит за брокер, односно стручниот испит за застапник со првото полагање има право на две повторни полагања на испитот во рок од шест месеци од денот на завршувањето на обуката.

(3) Кандидатот кој три пати едноподруго не го положил испитот од стручниот испит за брокер, односно стручниот испит за застапник, го губи правото за повторно полагање на испитот предвиден со обуката.

(4) Бројот и тежината на прашањата од првиот дел од стручниот испит за брокер, односно стручниот испит за застапник го пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Член 154-ш

(1) Стручен испит за добивање лиценца за осигурителен брокер можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од членот 138 од овој закон.

(2) Стручен испит за добивање лиценца за застапник во осигурување можат да полагаат лица кои ги исполнуваат условите од членот 134-в од овој закон.

(3) Одредбите од членовите 154-г, 154-д, 154-ѓ, 154-е, 154-ж, 154-з, 154-ѕ, 154-и, 154-ј, 154-к, 154-л, 154-м, 154-н, 154-њ, 154-о, 154-п, 154-р, 154-с, 154-т, 154-ќ, 154-у 154-ф и 154-х од овој закон соодветно се применуваат и на стручниот испит за вршење осигурително брокерски работи и стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето.“

Член 5

По членот 236-ѕ се додаваат три нови члена 236-и, 236-ј и 236-к, кои гласат:

„Член 236-и

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое технички го спроведува испитот доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување и доколку не ја постави снимката од целиот стручен испит за актуар на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување согласно со членот 154-к став (3) од овој закон и не го прекине испитот согласно со членот 154-л ставови (5) и (6) од овој закон.

Член 236-ј

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лицата од членот 154-к став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 154-л став (9) од овој закон.

Член 236-к

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 154-ф став (7) од овој закон.“

Член 6

Подзаконските акти од овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за стекнување на звањето овластен актуар, осигурителен брокер или застапник во осигурувањето се воспоставува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен актуар, осигурителен брокер или застапник во осигурувањето до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а членовите 1, 3, 4, и 5 ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SUPERVIZION TË SIGURIMIT

Neni 1

Në Ligin për supervizion të sigurimit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/10 dhe 44/11), në nenin 112 paragrafi (1) pika 1 ndryshohet si vijon:

"1) të ketë të mbaruar arsim të lartë katërvjeçar VII/1 ose të ketë studiuar sipas Deklaratës së Bolonjës dhe të ketë 240 kredi sipas sistemit të transferit të kredive (EKST);".

Paragrafi (3) shlyhet.

Neni 2

Në nenin 138 paragrafi (1) shtohet pikë e re 1 si vijon:
"1) të ketë të kryer shkollë të mesme katërvjeçare;".
Pikat 1, 2, 3, dhe 4 bëhen pika 2, 3, 4 dhe 5.

Neni 3

Titulli para nenit 154 dhe neni 154 ndryshohen si vijojnë:

"Realizimi i provimit profesional për marrjen e lejes për punë si aktuar i autorizuar

Neni 154

Provimi profesional për marrjen e lejes për punë si aktuar i autorizuar (në tekstin e mëtejmë: Provimin profesional për aktuar) mund ta japin persona të cilët i plotësojnë kushtet nga neni 112 të këtij ligji."

Neni 4

Pas nenit 154-b shtohen 29 nene të reja 154-v, 154-g, 154-d, 154-gj, 154-e, 154-zh, 154-z, 154-x, 154-i, 154-j, 154-k, 154-ll, 154-l, 154-m, 154-n, 154-nj, 154-o, 154-p, 154-r, 154-s, 154-t, 154-q, 154-u, 154-f, 154-h dhe 154-c, 154-ç, 154-xh, 154-sh, si vijojnë:

"Neni 154-v

(1) Provimi profesional për aktuar përbëhet nga dy pjesë si vijon:

1) pjesa e parë (pjesa teorike), me të cilën kontrollohet dituria teorike e kandidateve dhe

2) pjesa e dytë (shembulli praktik), me të cilën kontrollohet aftësia për zbatimin e ligjeve në praktikë.

(2) Pjesa e parë e provimit profesional për aktuar jepet me shkrim në formë elektronike, më përgjigjen e një numri të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(3) Në pjesën e parë të provimit profesional për aktuar jepen këto lëndë:

1) probabiliteti dhe statistika;
2) matematika financiare;
3) modelimi stohastik ;
4) ekonomi;
5) modele të përvojës;
6) matematika aktuare 1;
7) matematika aktuare 2;
8) menaxhim me investime dhe mjete;
9) sigurimi i jetës;
10) sigurimi jojetësor;
11) sigurimi social dhe pensional;
12) sigurimi shëndetësor;
13) kontabiliteti në sigurim;
14) rregullativa nga sfera e sigurimit dhe
15) profesionalizmi dhe etika.

(4) Pjesa e dytë e Provimit profesional për aktuar përbëhet nga:

1) shembulli praktik dhe/ose

2) pyetje të cilave kandidati duhet t'u përgjigjet në bazë të analizës të shembullit praktik dhe/ose

3) detyra të cilat duhet kandidati t'i zgjidhë në bazë të analizës së shembullit praktik.

(5) Agjencia e Supervizionit të Sigurimit e përcakton dhe publikon në ueb faqe përmbajtjen e hollësishme për çdo lëndë të pjesës së parë të provimit profesional për aktuar në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni.

(6) Agjencia e Supervizionit të Sigurimit përcakton për cilat lëndë të pjesës së parë të provimit për aktuar jepet pjesa e dytë në pajtim me paragrafin (4) të këtij neni.

Neni 154-g

(1) Provimi profesional për aktuar jepet sipas programit në të cilin përmbahen materiali, dispozitat dhe literatura.

(2) Programin për dhënien e provimit profesional për aktuar për lëndët nga neni 154-v të këtij ligji e miraton Agjencia e Supervizionit të Sigurimit.

Neni 154-d

(1) Trajnimin për lëndët e programit arsimor e zbatojnë edukatorë të angazhuar të Agjencisë për Supervizion të Sigurimit. Edukatori mund të jetë person i cili ka arsim universitar dhe përvojë pune prej dhjetë vitesh nga sfera përkatëse për të cilën do të mbajë ligjërata. Në realizimin e trajnimit mund të marrin pjesë edhe profesionistë të njohur nga praktika të vendit dhe vendeve të huaja.

(2) Bazën e pyetjeve dhe/ose detyrave të provimit profesional për aktuar e përgatisin edukatorët nga paragrafi (1) i këtij neni.

(3) Pyetjet e provimit profesional për aktuar i verifikon Komisioni për zbatimin e provimit profesional për aktuar (në tekstin e mëtejmë: Komisioni), i formuar nga Këshilli i Ekspertëve i Agjencisë për supervizion të sigurimit.

(4) Mënyrën e formimit dhe punës së Komisionit nga paragrafi (3) të këtij neni më afërsisht i përcakton Agjencia e Supervizionit të Sigurimit.

(5) Komisioni nga paragrafi (3) i këtij neni kryen edhe revizion dhe azhurnim të bazës së pyetjeve nga neni 154-otë këtij ligji së paku një herë në vit.

(6) Gjatë revizionit Komisioni në veçanti i ka parasysh ndryshimet e dispozitave në të cilat bazohet pyetja, numrin e kandidateve të cilët janë përgjigjur, suksesi në përgjigjet e të njëjtave, si dhe kriteret tjera që mund të ndikojnë në përmirësimin e kualitetit të bazës së pyetjeve.

(7) Në bazë të revizionit të kryer dhe azhurnimit të bazës së pyetjeve, Komisionet vendos që pyetjet të ndryshohen ose tërësisht të hiqen nga baza e pyetjeve.

(8) Edukatorë dhe anëtarët e Komisionit nga paragrafët (1) dhe (3) të këtij neni kanë të drejtë kompensimi në para që e përcakton Këshilli i Ekspertëve të Agjencisë për Supervizion të Sigurimit.

(9) Shuma e kompensimit në para nga paragrafi (8) i këtij neni përcaktohet në bazë të numrit të pyetjeve të përgatitura, si dhe ndërlikueshmërisë së materies.

(10) Shuma vjetore e kompensimit në para nga paragrafi (8) i këtij neni nuk e tejkalon shumën e tri pagave mesatare të paguara në Republikën e Maqedonisë në vitin paraprak të publikuar nga Enti Shtetëror i Statistikës.

Neni 154-gj

Punët profesionale dhe administrative për nevojat e realizimit të provimit profesional për aktuar, i kryen Agjencia për Supervizion të Sigurimit, ndërsa provimin teknikisht e realizon personi juridik i regjistruar në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë i zgjedhur nga Komisioni.

Neni 154-e

(1) Trajnimi i provimit profesional për aktuar realizohet në bazë të nevojës së konstatuar nga Agjencia për Supervizion të Sigurimit, por së paku një herë në vit.

(2) Agjencia e Supervizionit të Sigurimit me shpallje në shtypin ditor dhe në ueb faqen e vet i informon kandidatët e interesuar për kohën dhe vendin e mbajtjes së trajnimit, përkatësisht provimit profesional për aktuar.

(3) Nëse nuk paraqiten së paku pesë kandidatë, Agjencia për Supervizion të Sigurimit mund të mos e zbatojë trajnimin, përkatësisht provimin.

Neni 154-zh

Procedurën për zbatimin e provimeve për lëndët nga neni 154-v paragrafi (3) i këtij ligji, më afërsisht e përcakton Agjencia për Supervizion të Sigurimit.

Neni 154-z

Provimi profesional për aktuar jepet pas përfundimit të trajnimit për çdo lëndë veç e veç.

Neni 154-x

(1) Kërkesën për dhënien e provimit profesional për aktuar kandidati e dorëzon në Agjencinë e Supervizionit të Sigurimit.

(2) Me kërkesë për dhënin e provimit profesional për aktuar kandidati është i obliguar të dorëzojë dëshmi për plotësimin e kushteve për dhënien e provimit profesional për aktuar, të përcaktuar me këtë ligj.

Neni 154-i

(1) Agjencia për Supervizion të Sigurimit, me aktvendim konstaton nëse kandidati i plotëson kushtet për dhënien e provimit profesional për aktuar.

(2) Kundër aktvendimit me të cilin është refuzuar kërkesa për dhënien e provimit profesional për aktuar, mund të ngritet kontest administrativ para gjykatës kompetente në afat prej 30 ditësh nga pranimi i aktvendimit.

Neni 154-j

(1) Kandidati të cilit i miratohet kërkesa për dhënien e provimit profesional për aktuar, përmes postës elektronike informohet për kohën dhe vendin e dhënies së provimit profesional për aktuar më së voni në afat prej tetë ditësh para dhënies së provimit profesional për aktuar.

(5) Kur edhe ankandi i tretë publik është i pasuksesshëm, organi që e kryen shitjen, para shpalljes së ankandit të katërt publik do ta kthejë raportin për vlerësim së bashku me raportin për ankandin e tretë publik të pasuksesshëm te vlerësuesi i autorizuar. Vlerësuesi është i obliguar që sërish ta shqyrtojë vlerën e konstatuar të patundshmërisë, t'i hulumtoje kushtet e tregut për patundshmërinë konkrete dhe për arsyet e mundshme për shitjen e tretë të pasuksesshme dhe në afat prej 15 ditësh është i obliguar që të përpiloje vlerësim të korrigjuar, me ç'rast vlera fillestare e sendit të patundshëm mund të zvogëlohet deri në 90% nga çmimi fillestar i sendit të patundshëm që është shpallur në shpalljen për ankandin e parë publik. Vlera e këtillë e përcaktuar fillestare do të paraqesë çmimin fillestar të sendit të patundshëm në ankandin e katërt publik.

(6) Nëse edhe ankandi publik i katërt është pa sukses, me propozim të organit që e kryen shitjen Qeveria e Republikës së Maqedonisë do ta rivlerësojë vendimin për shitjen e patundshmërisë."

Neni 5

Në nenin 42-g paragrafi (4) fjalët: "bartësi i të drejtës pronësore" zëvendësohen me fjalët: "urdhërdhënësi i organit shtetëror shfrytëzues i patundshmërisë".

Neni 6

Në nenin 44 fjalët: "vlera kontabiliste" zëvendësohen me fjalët: "çmimi fillestar i patundshmërisë".

Neni 7

Neni 45 shlyhet.

Neni 8

Neni 46 shlyhet.

Neni 9

Në nenin 57 paragrafët (2) dhe (3) ndryshohen si vijojnë:

"(2) Çmimi i shitjes së sendeve të tundshme që janë lëndë e shitjes me ankand publik përcaktohet në mënyrën që vlera e përcaktuar e sendit të tundshëm sipas dispozitave të ligjit për vlerësim zvogëlohet për 30% dhe e njëjta e paraqet çmimin fillestar.

(3) Organi shtetëror është i obliguar të sigurojë vlerësimin e sendit të tundshëm në pajtim me Ligjin për vlerësim. Në raportin për vlerësim përcaktohet çmimi fillestar i sendit të tundshëm, që e paraqet vlerën e përcaktuar të sendit të zvogëluar për 30%".

Neni 10

Dispozitat e neneve 2, 3, 4 dhe 5 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen nga 1 janari 2014.

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**4652.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07- 5150/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2009), членот 5 се менува и гласи:

“За дел од средствата во износ од 17.603.000 евра ќе се склучи Рамковен договор за подзаем за реализација на Проектот за домување на социјално ранливи групи меѓу Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Овие средства Република Македонија ќе ги отплаќа од средствата кои ќе се приберат со отплата на позајмените средства од страна на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Останатите средства во износ од 7.747.000 евра Република Македонија ќе ги отплаќа од Буџетот на Република Македонија.“

Член 2

Членот 6 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT HUAMARRJE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË TE BANKA PËR ZHVILLIM E KËSHILLIT TË EVROPËS SIPAS MARRËVESHJES KORNIZË PËR HUA PËR FINANCIM TË PJESSHËM TË PROJEKTIT PËR BANIM TË GRUPEVE TË CENUESHME SOCIALE

Neni 1

Në Ligjin për huamarrje të Republikës së Maqedonisë te Banka për Zhvillim e Këshillit të Evropës sipas Marrëveshjes kornizë për hua për financim të pjesshëm të Projektit për banim të grupeve të cenueshme sociale (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 133/2009), neni 5 ndryshohet si vijon:

"Për pjesën e mjeteve në shumë prej 17 603 000 euro do të lidhet Marrëveshje kornizë për nënhua për realizimin e Projektit për banim të grupeve të cenueshme sociale ndërmjet Ministrisë së Financave, Ministrisë së Transportit

dhe Lidhjeve dhe SHA për Ndërtim dhe Ekonomizim me Hapësirë Banesore dhe me Hapësirë Afariste me Rëndësi për Republikën - Shkup.

Këto mjete Republika e Maqedonisë do t'i paguajë nga mjetet që do të grumbullohen me pagesë të mjeteve të huazuara nga SHA për Ndërtim dhe Ekonomizim me Hapësirë Banesore dhe me Hapësirë Afariste me Rëndësi për Republikën - Shkup.

Mjetet tjera në shumë prej 7 747 000 euro Republika e Maqedonisë do t'i paguajë nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë."

Neni 2

Neni 6 shlyhet.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**653.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2013 година.

Бр. 07- 5140/1
27 декември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11 и 13/13), во членот 2 точката 28 се менува и гласи:

"„Приватна понуда" е понуда за запишување и уплаќање на хартии од вредност:

- која е упатена на не повеќе од 20 лица поединечно именувани во актот за издавање на хартии од вредност кои не се акционери во акционерското друштво и кои не се поврзани лица со акционерите во акционерското друштво, освен ако со друг закон поинаку не е регулирано или ако обврската за акционерот да го зголеми учеството во основната главнина е на барање на орган или институција надлежен за надзор или супервизија на работењето на акционерските друштва врз основа на овој или друг закон,
- која е упатена само на институционални инвеститори,
- во случај на зголемување на основната главнина од средства на друштвото,
- во случај на условно зголемување на основната главнина и
- во случај на заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото кога заемот е даден од страна на единствениот акционер на друштвото."

Член 2

Во членот 67 ставот (5) се менува и гласи:

„На првиот работен ден од неделата депозитарот објавува на својата веб страница список на секое физичко и правно лице кое поседува над 5% од која било класа на хартии од вредност на котираните друштва и акционерските друштва со посебни обврски за известување."

Член 3

Во членот 69 ставот (2) се менува и гласи:

„Депозитарот ја известува Комисијата во рок од пет работни дена по евидентирањето на преносот на хартиите од вредност со кој сопственикот на хартии од вредност стекнува вкупно повеќе од 5% на кој било род и класа на хартии од вредност издадени од страна на котираните друштва и акционерските друштва со посебни обврски за известување."

Член 4

Во членот 112 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Право на полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност има лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено најмалку четиригодишно средно образование и со искуство од најмалку една година во областа на финансиите;

2) да има присуствувано на обука за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност која ја организира Комисијата за хартии од вредност;

3) да не е осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување на барање за дозвола за работење на брокер и

4) да не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(3) Комисијата го пропишува начинот на организирање, одржување и пријавување за обуката за полагање на стручниот испит за работа со хартии од вредност од ставот (2) на овој член, програмата за обуката и начинот на избор на предавачи на обуката."

Ставовите (4), (5) и (6) се бришат.

Член 5

По членот 112 се додаваат 20 нови наслови и 20 нови члена 112-а, 112-б, 112-в, 112-г, 112-д, 112-ѓ, 112-е, 112-ж, 112-з, 112-ѕ, 112-и, 112-ј, 112-к, 112-л, 112-љ, 112-м, 112-н, 112-њ, 112-о и 112-п, кои гласат:

**„Содржина на стручниот испит за работење со хартии од вредност**

Член 112-а

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се состои од два дела и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага по предметите:

1) суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија;

2) акции и

3) обврзници.

(4) Вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се состои од:

1) практичен пример и/или

2) прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример и/или

3) задачи кои треба кандидатот да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) Комисијата ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Комисијата пропишува по кои предмети од првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

**Програма и литература за полагање на испитот**

Член 112-б

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага според програма за полагање на стручниот испит во која се содржани градивото, прописите и литературата од областа на хартиите од вредност.

(2) Програмата за полагање на испитот по предметите од членот 112-а од овој закон и потребната литература ја утврдува и донесува Комисијата.

**Комисија за спроведување на испитот**

Член 112-в

(1) Обуката за предметите од наставната програма ја спроведуваат едукатори ангажирани од Комисијата. Едукатор може да биде лице кое има универзитетско образование и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања. Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(2) Базата на прашања и/или задачи за стручниот испит за работење со хартии од вредност ја подготвуваат едукаторите од ставот (1) на овој член.

(3) Прашањата за стручниот испит за работење со хартии од вредност ги верификува Комисија за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност, формирана од Комисијата.

(4) Начинот на формирање и работењето на Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност од ставот (3) на овој член поблиску го пропишува Комисијата.

(5) Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери и задачи од членот 112-ј од овој закон најмалку еднаш годишно.

(6) При ревизијата Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои ги одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од членот 112-ј од овој закон.

(7) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери и задачи, Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност одлучува прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базата од членот 112-ј од овој закон.

(8) Едукаторите и членовите на Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност од ставовите (1) и (3) на овој член имаат право на паричен надоместок кој го утврдува Комисијата со посебна одлука.

(9) Износот на паричниот надоместок од ставот (8) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, практични примери и задачи, како и сложеноста на материјата.

(10) Годишниот паричен надоместок од ставот (8) на овој член не го надминува износот на една просечна плата објавена од Државниот завод за статистика исплатена во Република Македонија за претходната година.

**Спроведување на стручниот испит**

Член 112-г

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност ги врши Комисијата, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија избрано од Комисијата.

**Барање за полагање на стручниот испит и испитни рокови**

Член 112 - д

(1) Обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се спроведуваат врз основа на констатирана потреба од страна на Комисијата, но не помалку од еднаш годишно.

(2) Комисијата со оглас во дневен печат и на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката, односно стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(3) Доколку, по процена на Комисијата, не се пријават доволен број на кандидати, Комисијата нема да ја спроведе обуката, односно испитот.

(4) По завршувањето на обуката, Комисијата за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност ги определува термините за одржување на испитот и истите ги објавува на веб страницата на Комисијата.

(5) Барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност кандидатот го поднесува до Комисијата.

(6) Со барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на испитот, пропишани со овој закон.

(7) Комисијата со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност.

(8) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

(9) Кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност, преку електронска пошта се известува за времето и местото за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на стручниот испит.

(10) На кандидатот мора да му се овозможи да го полага стручниот испит за работење со хартии од вредност во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на стручниот испит.

(11) Кандидатот е должен во рок од пет дена од добивањето на известувањето од ставот (9) на овој член, преку електронска пошта да го пријави учеството на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(12) Комисијата детално ја пропишува постапката за спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

**Место на полагање на стручниот испит**

Член 112 – ѓ

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Комисијата ја информира јавноста за датумот и времето на полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност се снима и во живо се емитува на веб страницата на Комисијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Комисијата.

(4) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност ги пропишува Комисијата.

(5) Во просторијата за полагање на стручниот испит, за време на полагање на испитот се присутни двајца овластени претставници од Комисијата, членовите на Комисијата од членот 112-в став (3) од овој закон, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Начин на спроведување на стручниот испит**

Член 112 - е

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност, овластениот претставник од Комисијата го утврдува идентитетот на кандидатот со увид на лична карта или патна исправа.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност, му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот, калкулатор и пенкало.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 112-ѓ став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој термин.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил Стручниот испит за работење со хартии од вредност и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(9) Лицата од членот 112-ѓ став (5) од овој закон за време на полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(10) Комисијата поблиску го пропишува начинот на спроведување на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

**Спреченост за полагање на испит**

Член 112-ж

(1) Ако во текот на обуката и полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да присуствува, односно полага (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се одлагаат за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на стручниот испит за работење со хартии од вредност донесува Комисијата по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на стручниот испит за работење со хартии од вредност во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека стручниот испит за работење со хартии од вредност не го положил.

(4) Против решението на Комисијата од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во случајот од ставот (2) на овој член кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

**Полагање на првиот и вториот дел од стручниот испит**

Член 112-з

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел).

(2) Вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Се смета дека кандидатот успешно го положил стручниот испит за работење со хартии од вредност доколку ги положил двата дела од испитот.

(4) Начинот на бодирање на првиот и вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност поблиску го пропишува Комисијата.

(5) Доколку кандидатот не го положи првиот и вториот дел од испитот по спроведеното прво полагање, при секое наредно полагање уплатува на сметката на Комисијата надоместок за повторно полагање на стручниот испит.

(6) Доколку пријавените кандидати не го положат стручниот испит во роковите од членовите 112-ѕ став (2) и 112-и став (3) од овој закон го губат правото за повторно полагање за обуката која ја следеле.

(7) Лицата од ставот (6) на овој член по губењето на правото за повторно полагање во текот на обуката која ја следеле имаат право на пријавување на наредна обука.

**Начин на полагање на прв дел од стручниот испит**

Член 112-ѕ

(1) Првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага по секој од предметите наведени во членот 112-а став (3) од овој закон со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна.

(2) Кандидатот мора да ги положи сите предмети од првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност во најмногу три последователни термини утврдени за полагање на испитот.

(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(4) Бројот и тежината на прашањата од првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност ги пропишува Комисијата.

**Начин на полагање на вториот дел од стручниот испит**

Член 112-и

(1) Вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се состои од практичен пример.

(2) Прашањата и задачите кои се составен дел од практичниот пример се од областа на предметот на кој е заснован практичниот пример и имаат десет можни опции на одговори од кои едната е точна, пет се слични и четири се различни.

(3) Кандидатот мора вториот дел да го положи во два последователни термини по завршувањето на теоретскиот дел.

(4) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот согласно со ставот (3) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(5) Бројот и тежината на прашањата од вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност ги пропишува Комисијата.

**База на прашања**

Член 112-ј

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се врши со одговарање на прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се врши со проучување на практичен пример од областа на предметот и одговарање на прашања кои кандидатот треба да ги одговори, односно реши во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронска студија на случај). Задачите кои се составен дел од вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се решаваат писмено на хартија.

(4) Прашањата и задачите од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност и нивните одговори, практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример и нивните одговори, како и задачите и нивните решенија, доколку се во електронска форма се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 2.000 прашања од областа на предметите од членот 112-а став (3) од овој закон за потребите на првиот дел од испитот од кои 50% прашања се од стручната литература за испитите од членот 112-а став (3) од овој закон, како и јавно достапна база од најмалку 200 практични примери, прашања и задачи за потребите на вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност и прописите за вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(8) Резултатите од полагањето на првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување, а резултатите од полагањето на вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност му се достапни на кандидатот најдоцна во рок од пет дена од денот на полагањето.

(9) Комисијата поблиску го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

(10) Кандидатот кој не го положил вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодирани, во рок од три дена може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка до Комисијата.

(11) Доставените писмени забелешки ги решава Комисијата од членот 112-в став (3) од овој закон најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на забелешките.

(12) По истекот на рокот на решавање на забелешките Комисијата на својата веб страница објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.

**Пристап до електронскиот систем за полагање**

Член 112-к

(1) На денот на полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност, претставникот на Комисијата му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 112-ј од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од базите од членот 112-ј став (6) од овој закон.

(3) По завршување на електронската студија на случај за вториот дел од испитот кандидатот добива тест со задачи кои се решаваат писмено.

(4) Првиот и вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставникот на Комисијата дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(5) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронска студија на случај за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

**Спреченост за полагање на испитот од техничка природа**

Член 112-л

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 112-ј од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член ќе се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

**Времетраење на првиот дел од стручниот испит**

Член 112-љ

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност изнесува 120 минути за секој од предметите наведени во членот 112-а став (3) од овој закон.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**Времетраење на вториот дел од стручниот испит**

Член 112-м

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата и/или решавање на задачите од практичниот пример изнесува 120 минути за секој од предметите од членот 112-а став (3) од овој закон за кои се полага втор дел од испитот.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**Издавање на уверение**

Член 112-н

(1) На кандидатите кои го положиле стручниот испит за работење со хартии од вредност им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Лицето чие уверение издадено од Комисијата е изгубено или уништено, може од Комисијата да побара издавање на дупликат на уверение.

(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член за издавање на дупликат на уверение се приложува следново:

1) причината за потребата од издавање на дупликат на уверение од Комисијата, како и периодот на следење на обуката и датумот на полагање на посебниот стручен испит за работење со хартии од вредност;

2) во случај на губење на истото, доказ дека изгубеното уверение е огласено за неважечко, согласно со позитивните законски прописи и

3) доказ за уплатен надоместок за издавање на дупликат на уверение за работење со хартии од вредност.

(4) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува Комисијата.

**Право на увид**

Член 112-њ

На барање на кандидатот, Комисијата го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност со овозможување непосреден увид во тестот.

**Ревизија на спроведени испити**

Член 112-о

(1) Тестовите, студијата на случај и задачите од стручниот испит се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите, студиите на случај и задачите за полагање на стручниот испит и спецрмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити за работење со хартии од вредност се чуваат во Комисијата.

(3) Комисијата за хартии од вредност формира Комисија за ревизија на одржаните стручни испити за работење со хартии од вредност, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член. Во Комисијата за ревизија покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица предложени од Министерството за финансии.

(4) Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку една сесија одржана во тековната година.

(5) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на стручните испити за работење со хартии од вредност одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата за ревизија, но не порано од денот на примената на овој закон.

(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност од страна на поединци во смисла на членот 112-е став (5) од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 112-н од овој закон.

(7) Комисијата донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Трошоци за полагање на испитот**

Член 112-п

(1) За обуката и полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност и на поправниот дел од испитот кандидатот плаќа надоместок.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува Комисијата врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, подготвување на материјали и покани и подготвување на уверенија.

(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член се уплатува на сметката на Комисијата.

(4) Ако надоместокот не е уплатен на соодветната сметка на Комисијата, најдоцна во рок од 15 дена пред денот определен за почеток на стручниот испит за работење со хартии од вредност, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага стручниот испит за работење со хартии од вредност, уплатените средства се враќаат согласно со закон.“

Член 6

Во членот 150 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Право на полагање на стручен испит за вршење на инвестиционо советување (во натамошниот текст: стручен испит за инвестиционен советник), има лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските и правните науки, или друго соодветно образование од областа на финансиите и со искуство од најмалку една година во областа на финансиите;

2) да има присуствувано на обука за полагање на стручен испит за инвестиционен советник која ја организира Комисијата за хартии од вредност;

3) да не е осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување барање за дозвола за работење на инвестиционен советник и

4) да не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(3) Комисијата го пропишува начинот на организирање, одржување и пријавување за обуката за полагање на стручниот испит од ставот (2) точка 2 на овој член, програмата за обуката и начинот на избор на предавачи на обуката.“

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Член 7

По членот 150 се додаваат два нови наслови и два нови члена 150-а и 150-б, кои гласат:

**„Содржина на стручниот испит**

Член 150-а

(1) Стручниот испит за инвестиционен советник се состои од два дела и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Првиот дел од стручниот испит за инвестиционен советник се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од стручниот испит за инвестиционен советник се состои од три модули:

1) прв модул:

а) регулатива за пазарот на капитал во Република Македонија;

б) квантитативни методи и статистика;

в) економика и

г) анализа на финансиски извештаи;

2) втор модул:

а) финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент);

б) анализа и вреднување на акциите и

в) анализа и вреднување на инструментите со фиксен доход и

3) трет модул:

а) финансиски деривативи;

б) анализа на алтернативни инвестиции;

в) портфолио менаџмент и

г) етика, професионални стандарди и односи со клиенти.

(4) Вториот дел од стручниот испит за инвестиционен советник се состои од:

1) практичен пример и/или

2) прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример и/или

3) задачи кои треба кандидатот да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(5) Комисијата ја утврдува и објавува на веб страницата деталната содржина на секој од предметите од првиот дел од стручниот испит за инвестиционен советник согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Комисијата пропишува на кои предмети од првиот дел од стручниот испит за инвестиционен советник се полага втор дел согласно со ставот (4) на овој член.

**Примена на одредби**

Член 150-б

Одредбите од членовите 112-б, 112-в, 112-г, 112-д, 112-ѓ, 112-е, 112-ж, 112-з, 112-ѕ, 112-и, 112-ј, 112-к, 112-л, 112-љ, 112-м, 112-н, 112-њ, 112-о и 112-п соодветно се применуваат на стручниот испит за инвестициски советник.“

Член 8

Во членот 152-в став (3) зборовите: „Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 9

Во членот 152-г став (8) зборовите: „Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 10

Во членот 158 став (3) точка 4 зборовите: „надминува 10%“ се заменуваат со зборовите: „изнесува 10% и повеќе“.

Член 11

По членот 181 се додава нов наслов и нов член 181-а, кои гласат:

**„Правна способност**

Член 181-а

Комисијата како правно лице има правна способност да настапува во правниот промет, особено кога:

1) склучува договори;

2) покренува правни постапки и е предмет на истите и

3) стекнува, управува, чува и располага со својот подвижен и недвижен имот.“

Член 12

Во членот 230 став (1) зборовите: „кои се во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување“ се бришат.

Член 13

Во членот 231 став (1) зборовите: „Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Во ставот (2) зборовите: „Комисијата за жалби“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 14

Членовите 231-а, 231-б и 231-в се бришат.

Член 15

Во членот 232 зборовите: „и Комисијата за жалби“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 16

По членот 245-ѓ се додаваат два нови члена 245-е и 245-ж, кои гласат:

„Член 245-е

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 112-г од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Комисијата и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Комисијата согласно со членот 112-ѓ став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го прекине испитот согласно со членот 112-е ставови (5) и (6) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 112-ѓ став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 112-е став (9) од овој закон.

Член 245-ж

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на претседателот на Комисијата ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 112- о став (7) од овој закон.“

Член 17

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Комисијата го создава единствениот електронски систем за полагање на испитот за работење со хартии од вредност и инвестиционен советник најдоцна до денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 19

Започнатите постапки за полагање на испитот до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат според одредбите од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11 и 13/13).

Член 20

Започнатите постапки по жалби од областа на пазарот на хартии од вредност до денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 8, 9, 13 и 15 од овој закон ќе завршат согласно со Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11 и 13/13), во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 8, 9, 13 и 15 од овој закон.

Доколку Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рокот од став 1 на овој член не ги реши предметите по жалби е должна во рок од десет дена да ги достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за решавање и за тоа во рок од пет дена да ги извести подносителите на жалбите.

Предметите по жалби кои до денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 8, 9, 13 и 15 од овој закон не се примени за решавање од Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност, Комисијата во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на одредбите од членовите 8, 9, 13 и 15 од овој закон ќе ги достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за решавање и за тоа во рок од десет дена ќе ги извести подносителите на жалбите.

Член 21

Недвижностите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, во јавната книга за запишување на правата на недвижности се запишани во сопственост на Република Македонија, а со право на користење на Комисијата, се запишуваат во сопственост на Комисијата.

Агенцијата за катастар на недвижности запишувањето од ставот 1 на овој член ќе го изврши врз основа на овој закон, а по пријава на Комисијата.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 4, 5, 6, 7 и 16 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од влегувањето во сила на овој закон, а одредбите од членовите 8, 9, 13 и 15 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR LETRA ME VLERË

Neni 1

Në Ligjin për letra me vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11 dhe 13/13) në nenin 2 pika 28 ndryshohet si vijon:

“Ofertë private” është oferta për regjistrim dhe pagesë të letrave me vlerë:

- e cila u dedikohet jo më shumë se 20 personave të emëruar individualisht në aktin për emetim të letrave me vlerë, që nuk janë aksionarë në shoqërinë aksionare dhe që nuk janë persona të lidhur me aksionarët në shoqërinë aksionare, përveç nëse më ligj tjetër nuk është rregulluar ndryshe dhe nëse obligimi për aksionarin që ta zmadhojë pjesëmarrjen në kryegjënë themelore është me kërkesë të organit ose institucionit kompetent për mbikëqyrje ose supervizion të punës së shoqërive aksionare në bazë të këtij ligji ose ligj tjetër,
- e cila u dedikohet vetëm investitorëve institucionalë,
- në rast të zmadhimit të kryegjësë themelore nga mjetet e shoqërisë,
- në rast të zmadhimit të kushtëzuar të kryegjësë themelore dhe
- në rast të huas që transformohet në depozitë në shoqërinë në procedurë të zmadhimit të kryegjësë themelore të shoqërisë kur huaja është dhënë nga ana e aksionarit të vetëm të shoqërisë."

Neni 2

Në nenin 67 paragrafi (5) ndryshohet si vijon:

“Në ditën e parë të punës të javës depozitari publikon në ueb faqen e vet listë të secilit person fizik dhe juridik i cili posedon mbi 5% nga cilado klasë e letrave me vlerë të shoqërive të kuotuara dhe shoqërive aksionare me obligime të posaçme për njoftim.”

Neni 3

Në nenin 69 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

“Depozitari e njofton Komisionin në afat prej pesë ditësh pune pas evidentimit të bartjes së letrave me vlerë me të cilin pronari i letrave me vlerë fiton gjithsej më tepër se 5% në cilindo lloj dhe klasë të letrave me vlerë të emetuara nga ana e shoqërive të kuotuara dhe shoqërive aksionare me obligime të posaçme për njoftim.”

Neni 4

Në nenin 112 paragrafët (2) dhe (3) ndryshohen si vijon:

“(2) Të drejtë për dhënie të provimit profesional për punë me letra me vlerë ka personi i cili i plotëson këto kushte:

1) të ketë të kryer së paku arsim të mesëm katërvjeçar dhe me përvojë prej së paku një viti në sferën e financave;

2) të ketë marrë pjesë në trajnim për dhënie të provimit profesional për punë me letra me vlerë të cilin e organizon Komisioni për letra me vlerë;

3) të mos jetë i gjykuar me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor për vepër penale në pesë vitet e fundit para parashtrimit të kërkesës për leje për punë të brokerit dhe

4) të mos jetë i gjykuar me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor për vepër të kryer penale shkaktim të falimentimit të personit juridik."

(3) Komisioni e përcakton mënyrën e organizimit, mbajtjes dhe paraqitjes për trajnim për dhënien e provimit profesional për punë me letra me vlerë nga paragrafi (2) i këtij neni, programin për trajnim dhe mënyrën e zgjedhjes së ligjëruesve në trajnim."

Paragrafët (4), (5) dhe (6) shlyhen.

Neni 5

Pas nenit 112 shtohen 20 tituj të rinj dhe 20 nene të reja 112-a, 112-b, 112-v, 112-g, 112-d, 112-gj, 112-e, 112-zh, 112-z, 112-x, 112-i, 112-j, 112-k, 112-ll, 112-l, 112-m, 112-n, 112-nj, 112-o dhe 112-p, si vijojnë:

**“Përmbajtja e provimit profesional për punë me letra me vlerë**

Neni 112-a

(1) Provimi profesional për punë me letra me vlerë përbëhet prej dy pjesëve si vijon:

1) pjesa e parë (pjesa teorike), me të cilën kontrollohet njohuria teorike e kandidatëve dhe

2) pjesa e dytë (shembull praktik), me të cilën kontrollohet aftësia për zbatim të ligjeve në praktikë.

(2) Pjesa e parë nga provimi profesional për punë me letra me vlerë jepet me shkrim në formë elektronike, me përgjigjen e numrit të caktuar të pyetjeve në formë të zgjidhjes së testit elektronik në kompjuter.

(3) Pjesa e parë nga provimi profesional për punë me letra me vlerë jepet në lëndët:

1) esenca, funksionet dhe rregullativa ligjore për funksionimin e tregut të kapitalit në Republikën e Maqedonisë;

2) aksionet dhe

3) obligacionet.

(4) Pjesa e dytë nga provimi profesional për punë me letra me vlerë përbëhet nga:

1) shembulli praktik dhe/ose

2) pyetje që duhet kandidati t’u përgjigjet në bazë të analizës së shembullit praktik dhe/ose

3) detyra të cilat kandidati duhet t’i zgjidh në bazë të analizës së shembullit praktik.

(5) Komisioni e përcakton dhe publikon në ueb faqen përmbajtjen e detajuar të secilës nga lëndët nga pjesa e parë e provimit profesional për punë me letra me vlerë në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni.

(6) Komisioni përcakton se për cilat lëndë prej pjesës së parë të provimit profesional për punë me letra me vlerë jepet pjesë e dytë në pajtim me paragrafin (4) të këtij neni.

**Programi dhe literatura për dhënie të provimit**

Neni 112-b

(1) Provimi profesional për punë me letra me vlerë jepet sipas programit për dhënien e provimit profesional në të cilin janë përfshirë materiali, rregullat dhe literatura nga sfera e letrave me vlerë.

(2) Programi për dhënien e provimit për lëndët nga neni 112–a i këtij ligji dhe literaturën e nevojshme e përcakton dhe miraton Komisioni.

**Komisioni për zbatimin e provimit**

Neni 112 –v

(1) Trajnimin për lëndët nga programi mësimor e zbatojnë edukatorë të angazhuar nga Komisioni. Edukator mund të jetë personi që ka arsim universitar dhe përvojë pune prej dhjetë vjetësh nga sfera përkatëse për të cilën do të mbajë ligjërata. Në zbatimin e trajnimit mund të marrin pjesë dhe ekspertë të njohur nga praktika nga vendi dhe nga jashtë.

(2) Bazën e pyetjeve dhe/ose detyrave për provimin profesional për punë me letra me vlerë e përgatitin edukatorët nga paragrafi (1) i këtij neni.

